**Интернационален театарски институт ИТИ**
**Светска организација за изведувачки уметности**

**Во партнерство со**
**Интернационалниот танцов комитет на ИТИ**
**и Светската танцова алијанса**

---

## Порака по повод Меѓународниот ден на танцот 2019

29 април 2019

---

**Биографија - Карима Мансур** (Танчерка, кореограф и едукатор од Египет)

Карима Мансур дипломира и магистрира на Современата школа за танц во Лондон, Англија, на одделот за Современ танц. Претходно дипломира и на Институтот за филм на Академијата за уметности во Каиро, Египет. По нејзиното враќање назад во Египет, ја основа својата компанија МААТ за современ танц во 1999 г., првата независна танцова компанија во земјата. Од тогаш наваму таа создаде и изведе повеќе од 20 кореографски дела кои продолжуваат да се прикажуваат на разни меѓународни фестивало низ светот, како и повеќе од 20 соработки на театар и филм.

Во програмата на МААТ се вклучени разни работилници и програми за развој на современиот танц во Египет, таа е ментор на истите. Учесници на едукативните работилници се луѓе од целиот свет, покрај работилниците таа организира проекции на танцови филмови и дискусии на тема танц и кореографија.

Карима работела како предавач на Каиро оперна, танцова и театарска академија во 1998 г, потоа како доцент на Балетскиот институт на Академијата за уметности од 1999 до 2000 г. потоа професор за танц на Одделот за Перформанс и визуелни уметности на Американската академија во Каиро (есен 2010). Мансур е актуелен основач и уметнички директор на Танцовиот центар за современ танц (ЦЦДЦ), кој делува под закрила на МААТ за Современа уметност.

Мансур продолжува да работи како фриленс кореограф, перформер и предавач на национално и меѓународно ниво, а при тоа продолжува да ги осмислува, изведува и развива сопствените кореографски дела и сопствениот уметнички израз.